Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Државен инспекторат за
животна средина
Inspektorati Shtetëror i
mjedisit jetësor
Бр. - Nr 29-530/2
30.04.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

Република Северна Македонија

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија бр.101/2019), овластеното службено лице за посредување со информации од јавен карактер при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располага Државниот инспекторат за животна средина, донесе

## РЕШЕНИЕ

По Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот на информацијата Граѓанска иницијатива ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД преку полномошник на барателот на информацијата Марјан Калевски со адреса на ул. Скопје, заведено во Државниот Инспекторат за животна средина под бр.29-530/1 од 28.04.2025 година, **се дава делумен пристап до бараната информација.**

***Образложение***

До Државниот инспекторат за животна средина доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер од страна на Граѓанска иницијатива ЗЕЛЕН ХУМАН ГРАД преку полномошник на барателот на информацијата Марјан Калевски со адреса на ул.Методија Шаторов Шарло бр.7-2/53, Скопје. По разгледување на истото утврдено е дека се бара информација во врска со податоци од Државниот Инспекторат за животна средина за инспекциски надзор за постапување за предмет за правен субјект БУЛМАК 2016, ДООЕЛ Пробиштип, Подружница Рудник Тораница, Крива Паланка, при што поради започната предистражна постапка во надлежно јавно обвинителство и прекршочна постапка-постапка за спогодување пред Комисија за спогодување при Министерството за животна средина и просторно планирање се дава делумен пристап до бараната информација, во согласност со член 6 став (1) точка 4.

**Правa поука:** Против ова решение Барателот може да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Решено во Државниот Инспекторат за животна средина под бр.29-530/2 од 30.04.2025 година.**

Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер:
Дарко Блинков

Директор
м-р Ивана Гиновска


Државен инспекторат за животна средина
Палата "Емануел Чуков